20202262818

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3 и член 69 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000,50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009,67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/2016, 171/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25 август 2020 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОВЛАСТУВАЊА И НАЧИН НА РАБОТА НА КОНТРОЛАТА НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за овластувања и начин на работа на контролата на Фондот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 105/2010, 33/2011, 29/2012 и 47/2014), во член 1 став 1 алинеја 8, точката и запирката на крајот од реченицата се бришат и се додаваат зборовите „и Централната служба на Фондот“.

Член 2

Во член 2 став 1 алинеја 4, точката и запирката на крајот на реченицата се бришат и се додаваат зборовите „и Централната служба на Фондот“.

Член 3

Ставот 1 на членот 5 се менува и гласи:

„Фондот спроведува вонтеренска, теренска и внатрешна контрола.“

Во членот 5 се додава нов став 4 кој гласи:

„Внатрешна контрола се врши во Централната и/или Подрачните служби на Фондот.“

Член 4

Во членот 7 став 2 алинеја 14, на крајот на реченицата се додаваат зборовите „и Централната служба на Фондот“.

Член 5

По членот 8 се додава нов наслов и нов член 8-а кои гласат:

„Предмет на внатрешна контрола

Член 8-а

Предмет на контролата е работењето на Централната/Подрачните служби на Фондот во работењето во согласност со законите и подзаконските акти, како и доследното спроведување на пропишаните деловни процедури, упатства, одлуки донесени од Фондот.

Контролата се врши во просториите на Централната /Подрачните служби на Фондот.

Внатрешна контрола во Централната служба на Фондот се врши само по налог на директорот на Фондот.“

Член 6

Во член 17 ставовите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„Директорот на Фондот со решение формира Комисија за оценување на услови за изрекување на договорна казна, а по потреба и повеќе комисии.

Ставот 2 на членот 17 од овој правилник, се менува и гласи:

„Секоја комисија е составена од вкупно 13 члена од кои 7 члена вработени во Фондот (претседател, секретар, четворица членови и заменик претседател кој учествува во работата на комисијата во случај на отсуство на претседателот) и 6 надворешни члена номинирани од надлежните комори.“

Во ставот 4 на член 17 се додава нова реченица која гласи:

„Комисијата ги разгледува и известувањата за сторена повреда на договорните одредби доставени од Секторот за правни работи“.

По ставот 11 на членот 17 се додава нов став 12 кој гласи:

„Надворешните членови на Комисијата за своето работење добиваат надоместок утврден со решение од директорот на Фондот.“

Член 7

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-10866/1
25 август 2020 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Дејан Николовски, с.р.